# ОСНОВНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ – СКУДРИЊЕ, МАВРОВО И РОСТУШЕ

☎ +389 042 470 309

e-mail: blazekoneskiskud@gmail.com; web: ooublazekoneskiskudrinje.edu.mk

Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
„Блаже Конески“ ц.о.
Бр. 01-266/2
30.08. 2023 год.
Скудриње-Маврово и Ростуше



# Извештај од САМОВАЛУАЦИЈАТА на училиштето за периодот 2021/2023 година

Август 2023 година

## Содржина

1. Вовед во самоевалуацијата на училиштето ..................... 3
` 1.1 Самоевалуација ..................... 3
1.2 Цели на самоевалуацијата ..................... 3
1.3 Процес на самоевалуацијата ..................... 4
1.4 Идентификациони податоци на училиштето ..................... 4
1.5 Извештај од самоевалуацијата ..................... 5
1.6 Училишен тим за самоевалуација ..................... 5
2. Подрачја на вреднување,индикатори, техники и инструменти на самоевалуацијата ..................... 6
2.1 Техники и инструменти кои се користени во самоевалуацијата (табела) ..................... 6
2.2 Нивоа на оствареност ..................... 6
3. Подрачја на вреднувања..................... 7
ПОДРАЧЈЕ 1: Наставни планови и програми ..................... 7
ПОДРАЧЈЕ 2: Постигања на учениците ..................... 11
ПОДРАЧЈЕ 3: Учење и настава ..................... 15
ПОДРАЧЈЕ 4: Поддршка на учениците ..................... 19
ПОДРАЧЈЕ 5: Училишна клима и односи во училиштето ..................... 23
ПОДРАЧЈЕ 6: Ресурси ..................... 26
ПОДРАЧЈЕ 7: Управување, раководење и креирање политика ..................... 30
4. Резиме од извршената самоевалуација со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа ..................... 33

# 1.Вовед во самоевалуацијата на училиштето

Согласно член 129 од Законот за Основно образование (Сл.весник на РСМ бр.161 од 2019 година) во училиштето во периодот на месец Август 2023 година е изработена Самоевалуација за реализација на подрачјата за последните две учебни години и тоа: 2021/2022 и 2022/2023 година.

## 1.1 Самоевалуација

Самоевалуацијата на училиштето е процес на систематско и континуирано следење, анализирање и вреднување на оствареното со единствена цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето.
Во постапката на самоевалуацијата на училиштето се бара одговор на три клучни прашања:

- ✓ **Колку е добро нашето училиште?**
- ✓ **Како го знаеме тоа?**
- ✓ **Што може да направиме да бидеме подобри?**

Одговорите на овие прашања мора да се темелат на објективни и релевантни податоци како и на реални увиди во функционирањето на училиштето.

## 1.2 Цели на самоевалуацијата

- ✓ Структуирање на внатрешен училишен систем за следење, оценување и унапредување на работата.
- ✓ Ефективно и ефикасно раководење на директорот со училиштето.
- ✓ Вклучување во развојниот процес на училиштето на сите субјекти : директор, стручен соработник, наставници, ученици, родители, локалната и деловната заедница и во воспитно-образовниот систем.
- ✓ Обезбедува поголема самостојност, одговорност и иновативност во училиштето.
- ✓ Преземање мерки за поефикасно и поквалитетно учење, а со тоа и постигнување подобри резултати.
- ✓ Детектирање на слабите страни и проблемите со кои се соочува училиштето и нивно надминување.
- ✓ Зголемување на надворешното влијание врз училиштето и сите субјекти вклучени во неговата работа, севкупната образовна политика преку јасна артикулација од потребата за развој на училиштето.
- ✓ Дефинирање и следење на мерливи индикатори и критериуми за вреднување на квалитетот на образовно-воспитниот процес во училиштето.

## 1.3 Процес на самоевалуацијата

Процесот на самоевалуација е комплексен, тој е составен од повеќе фази и активности со примена на различни методи и техники со цел создавање единствени критериуми.

Процесот на самоевалуација се реализира според следниот редослед и тоа :

1.Формирање на тим за самоевалуација, 2.Примена на соодветни индикатори,методи и инструменти 3.Собирање на податоци за состојбата на училиштето, 4.Анализа на состојбата, 6.Извештај за самоевалуација

## 1.4 Идентификациони податоци на училиштето

| | |
|---|---|
| Име на училиштето | ООУ"БЛАЖЕ КОНЕСКИ"-СКУДРИЊЕ |
| Директор | Бешир Рамадани |
| Претседател на Училишен одбор | Мирвет Мурати |
| Период на самоевалуацила | 2021 - 2023 година |
| адреса, општина, место | С. Скудриње-1257, Општина Маврово и Ростуше, СКУДРИЊЕ |
| телефон | 042/470-309 |
| веб страна | ooublazekoneskiskudrinje.edu.mk |
| е-маил | blazekoneskiskud@gmail.com, |
| основано од | Министерство за образование и наука |
| Верификација- број на актот | 1014/65 од 1.09.1996 година |
| Година на верификација | 1996 |
| Јазик на кој се изведува наставата | Македонски |
| Година на изградба | 1961 |
| Површена на објектот | 1120м2 |
| Површина на училшниот двор | 650м2 |
| Површина на спортски терени и игралишта | 200м2 |
| Училиштето работи во смена | Две смени |
| Начин на загревање на училиштето | Дрва- Парно греење |
| Број на одделенија | 9 |
| Број на паралелки | 17 |
| Број на комбинирани паралелки | 3 |
| Број на смени | 2 |

Вкупен број на вработени во училиштето

| Директор | | | Наставници | | | Административно технички персонал | | | Стручни соработници | | | Вкупно вработени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ | М | Ж | СЕ |
| 1 | 0 | **1** | 19 | 8 | **27** | 6 | 1 | **7** | 2 | 0 | **2** | 28 | 9 | **37** |

Податоци за учениците за учебната 2021/2022 и 2022/2023 година

| Вкупно запишани 2021/2022 | Осипани/заминале | | Вкупно ја завршиле учебната 2021/2022 год. |
|---|---|---|---|
| | Се испишале | Се иселиле | |
| 154 ученици | 8 | 7 | 139 ученици |
| Вкупно запишани 2022/2023 | Осипани/заминале | | Вкупно ја завршиле учебната 2022/2023 год. |
| | Се испишале | Се иселиле | |
| 144 ученици | 5 | 15 | 124 ученици |

### 1.5 Извештај од самоевалуацијата

Врз основа на член 129, став 1,2,3,4 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр. 161/19), училиштето на две години спроведува самоевалуација. Училишниот одбор по предлог на директорот формира Училишна комисија составена од 5 (пет) члена од редот на наставници, стручни соработници и родители.

Комисијата – Тимот ќе ја реализира самоевалуацијата согласно правилникот и ќе бидат опфатени следниве подрачја

1. Наставни планови и програми
2. Постигања на учениците
3. Учење и настава
4. Подршка на учениците
5. Училишна клима и односи во училиштето
6. Ресурси
7. Управување, раководење и креирање на политика

### 1.6 Училишен тим за самоевалуација

Согласно одлуката за формирање на стручни тела во училиштето заведена под дел.број 03-123/1 од 31.08.2022 година тимот за самоевалуација го сочинуваат: Бешир Рамадани, Амзо Ахмедоски, Семир Абдули, Медат Арслани, Мирвет Мурати.

## 2. Подрачја на вреднување,индикатори, техники и инструменти на самоевалуацијата

### 2.1 Техники и инструменти кои се користени во самоевалуацијата

| ТЕХНИКИ | ИНСТРУМЕНТИ |
|---|---|
| НАБЉУДУВАЊЕ | СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБАТА |
| АНКЕТИРАЊЕ | АНКЕТИ<br>ПРАШАЛНИЦИ |
| ИНТЕРВЈУ | |
| АНАЛИЗА НА ДОКУМЕНТИ, дневник за работа,извештаи,записници и сл. | ЧЕК ЛИСТИ |

### 2.2 Нивоа на оствареност

**Нивоата на оствареност** содржат јасни и прецизни описи на постигнувањата кај поединечните **индикатори** во рамките на одредено **подрачје на вреднување**. Врз основа на меѓународните искуства вреднувањето на оствареното се врши на четири нивоа (многу добро, добро, делумно задоволува и не задоволува).

**Ниво 4** - со **многу добро** се вреднуваат аспекти од работата на училиштето каде преовладуваат јаките страни со мал број на слаби страни кои значително не влијаат врз севкупниот квалитет на работење на училиштето.

**Ниво 3** - со **добро** се вреднуваат аспекти од работата каде постојат бројни јаки страни, но има една или повеќе слаби страни кои имаат влијание врз квалитетот на работењето на училиштето и треба да се надминат.

**Ниво 2** - со **делумно задоволува** се вреднуваат аспекти од работата кои имаат некои јаки страни но имаат и значителни слаби страни кои може да го нарушат квалитетот на работењето на училиштето.

**Ниво 1** - со **незадоволува** се вреднуваат аспекти од работата каде постојат значајни слаби страни за кои се потребни дополнителни активности од страна на училиштето или надвор од него.

# 3. Подрачја на вреднувања

## Подрачје 1:  Наставни планови и програми

| Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|
| **Реализација на наставни планови и програми** | • Применувани наставни планови и програми<br>• Информираност на родителите и учениците за наставнитепланови  и програми<br>• Изработување индивидуални образовни планови (ИОП) заучениците со посебни образовни потреби<br>• Избор на наставни предмети<br>• Планирање активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето<br>• Реализација на проширени програми |
| **Квалитет на наставните планови и програми** | • Родова и етничка рамноправност, мултикултурни содржини вонаставните програми и учебните помагала<br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалнатасредина во наставните програми и наставните помагала<br>• Интегрирање на меѓупредметните  цели на образованието<br>• Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнериврз наставните планови и програми<br>• Обем и разновидност на планираните и реализиранитевоннаставни активности |
| **Воннаставни активности** | • Опфатеност на учениците со воннаставните активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работатаво воннаставните активности<br>• Афирмирање на учениците и на училиштето прекувоннаставните активности |

**Користени извори на информации за:**

1. **Реализација на наставните планови и програми,**
2. **Квалитет на наставните планови и програми,**
3. **Воннаставни активности.**

- ✓ Педагошка евиденција идокументација
- ✓ Годишни и тематски планирања на наставници
- ✓ Оперативни планови за наставен час
- ✓ Наставни планови и програми донесени одБРО и МОН
- ✓ Самоевалуација на училиштето
- ✓ Нормативни акти на училиштето
- ✓ Индивидуални наставни планови и програми за деца со посебни образовни потреби
- ✓ Годишна програма за работа на училиштето
- ✓ Годишен извештај за работа на училиштето
- ✓ Статут на училиштето
- ✓ Спроведени анкети нанаставници, ученици и родители
- ✓ Спроведени интервјуа од директор, стручни соработници, наставници
- ✓ Записници од наставнички и одделенски совети,стручни активи, родителски средби.
- ✓ Записници од УчилишенОдбор, Совет на родители, Ученички парламент
- ✓ Записници од претходните инспекцискинадзори
- ✓ Записници од работата на тимовите за училишниот инклузивен тим
- ✓ Програми за дополнителна и додатнанастава
- ✓ Брошури и веб страна научилиштето
- ✓ Записници од анкети за изборни предмети
- ✓ Дневник на паралелката
- ✓ Дипломи,признанија,пофалници и награди
- ✓ Фотографии и видео записи
- ✓ Изработки од ученици
- ✓ Изработени портфолија

| РЕЗУЛТАТИ | |
|---|---|
| ЈАКИ СТРАНИ | ✓ Училиштето ги има обезбедено сите наставни планови и програми на МОН и БРО по предмети, подрачја и активности. Истите се реализираат во пропишаниот обем.Од учебната 2021/2022 година учениците од прво,второ,четврто и петто одделение работат според Новата концепција, а веќе од наредната учебна година ќе бидат опфатени сите ученици од прво до шесто одделение.<br>✓ Кај педагошката служба на училиштето сите наставници имаат предадено Годишен глобален и тематски план како и Годишно планирање за дополнителна, додатна настава и воннаставни активности.<br>✓ Наставниците навремено и редовно ја водат педагошката евиденција и документација и го пополнуваат е-дневникот.<br>✓ Постапката за изборни предмети се спроведува во месц Јуни за наредната учебна година.<br>✓ За послабите ученици и учениците кои имаат потреба во училиштето редовно се одржува дополнителна настава.<br>✓ За учениците кои покажуваат посебен интерес и знаење по некој предмет се организира додатна настава.<br>✓ Сите наставници редовно одржуваат воннаставни активности според годишните планирања. Придобивките од воннаставните активности се освоените награди: благодарници, пофалници, дипломи и афирмацијата на училиштето.<br>✓ Во изготвување на индивидуални образовни приграми учествува инклузивниот тим на училиштето .<br>✓ Се одржуваат работилници за подготовка на наставниците од одделенска настава за работа според новата Концепција за основно образование.<br>✓ Во училиштето има пропишани периоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од странана директорот и стручната служба.<br>✓ Стручните активи разменуваат искуства и идеи за планирање преку примена на ИКТ.<br>✓ Распоредот на часовите е навремено изработен и истакнат на видно место.<br>✓ Во училиштето се користат разновидни наставни форми и методи (вклучувајќи употреба на ИКТ ). |

| | |
|---|---|
| | ✓ Наставниците редовно ги споделуваат со учениците целите на наставата иочекуваните исходи од учењето.<br>✓ Сите наставници се однесуваат со учениците на начин кој промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање.<br>✓ Училиштето го доживуваат како стимулирачка и мотивирачка средина која поттикнува интерес за учење.<br>✓ Наставниот кадар и стручната служба ги идентификуваат образовните потреби на учениците и превземаат активности за нивно остварување.<br>✓ Наставниот кадар користи разновидни техники и методи со кои ги препознава и води грижа за образовните потреби на секој ученик.<br>✓ Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците.<br>✓ Наставниците користат различни методи и инструменти за оценување иредовно им даваат повратна информација на учениците за нивната работа |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ Учениците повеќе да се интереснираат за воннаставни, слободни ученички и вонучилишни активности каде што можат да се вклучат, според нивните интереси и потреби<br>✓ Недоволно учество на родителите<br>✓ Помала застапеност на интегрирани предметни цели во предметна настава<br>✓ Недоволна заинтересираност и учество на родителите и наставниците за проекти во и надвор од училиштето |
| **ПРИОРИТЕТНИ ПОДРАЧЈА – ИДНИ АКТИВНОСТИ** | ✓ Поголем поттик од наставниците и родителите за избор и реализација на воннаставни (слободни) и вонучилишни активности каде што ќе можат да се вклучат согласно Новата концепција за основно образование<br>✓ Поголема соработка меѓу наставниците од одделенска и предметна настава преку организирање на работни состаноци на кои ќе се разменуваат искуства и информации за подобрување воспитно-образовниот процес.<br>✓ Организирање на интегрирани отворени часови.<br>✓ Организирање работилници и предавања за спречување меѓуврсничконасилство, спречување на зависности и булинг во училиштето и надвор од него |

## Подрачје 2: Постигања на учениците

| Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|
| **Постигања на учениците** | ✓Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и различен јазик на наставатаспоред наставни предмети и според квалификациони периоди<br>✓Подобрување на постигнувањата на учениците<br>✓Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици ина учениците со пречки во развојот<br>✓Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава<br>✓Следење на хоризонтално и вертикално движење<br>✓ Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците |
| **Задржување-осипување на учениците** | ✓Опфат на учениците<br>✓Редовност во наставата<br>✓Осипување на учениците<br>✓ Премин на ученици од едно училиште во друго |
| **Повторување на учениците** | ✓ Ученици што не ја завршуваат годината/ образованието |

## Користени извори на информации за:

**1.Постигања на учениците**
**2.Задржување- осипување научениците**
**3.Повторување на учениците**

- ✓ Училишни програми
- ✓ Годишни програми
- ✓ Развојна програма
- ✓ Полугодишни извештаи
- ✓ Годишни извештаи
- ✓ Самоевалуација 2019/2021 година
- ✓ Записници од стручната служба на училиштето;
- ✓ Анализи на успехот;
- ✓ Програма за дополнителна и додатна настава;
- ✓ Дневниците од паралелките
- ✓ Записници од одделенски совет на паралелката
- ✓ Записници од Наставнички совет
- ✓ Записници од стручната служба
- ✓ Записници од Активите
- ✓ Записници од Ученички парламент
- ✓ Табелерни прикази на постигнат успех
- ✓ Анкетен прашалник заученици и родители
- ✓ Статистички прегледи на тромесечие, полугодие и крај на учебна година.
- ✓ Анализи на успехот

| **РЕЗУЛТАТИ** | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | ✓ Систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехоти постигањата на учениците<br>✓ Оценувањето на постигањата на учениците е засновано на Стандардите и критериумите за оценувањето дадени од БРО, Закон за основно образование и Наставните планови и програми<br>✓ Воведена Нова концепција на Наставни програми во 1, 2 , 4 и 5 одделение<br>✓ Учениците интензивно се вклучуваат во вонраставните активности.<br>✓ По новата концепција обезбеден е кабинет по природни науки, нагледни средства во одделенска настава, по предметите биологија, хемија, историја, географија, физика и математика за подобрување на наставната програма, квалитетот и знаењето на учениците кои преку експериментите кои ги надгледуваат можат да го осетат ефектот на наставната програма<br>✓ Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците .<br>✓ Родителите, детално се запознаваат со постигањата на учениците и им се овозможува правото на приговор за оценка<br>✓ Подобрување на постигањата на учениците преку примена насовремени форми и методи во наставата (ИКТ, проекти, презентации,истражувања и сл.)<br>✓ Подобрување на постигањата на учениците се врши преку организирање и реализирање на дополнителна и додатна настава;<br>✓ Уредна документација за показателите на постигањата на учениците,нивна анализа и споредбени резултати за успехот на крајот на секоја учебна година;<br>✓ Постигањата на учениците јавно се промовираат и истакнуваат;<br>✓ Училиштето системски ја следи редовноста на учениците ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме презема конкретни активности со цел зголемување на редовноста ;<br>✓ Донесен е Правилник ( Кодекс ) за учениците, наставниците и родителите;<br>✓ Значителен е процентот на осипани ученици во текот на учебната година, а причина најчесто е преселба во западноевропските земји заедно со семејството;<br>✓ Учениците постигнуваат одлични резултати на натпреварите и конкурсите на кои учествуваме на општинско, регионално и државно ниво; |

| | |
|---|---|
| | ✓ Континуирано осовременување на условите за работа во училиштето(просторни и технолошки);<br>✓ Јасна визија за идните правци на развој во училиштето<br>✓ Соработка со тимот за инклузивно образование во подготовка, изработка и увид во индивидуалните образовни програми, ИОП за учениците со попреченост од страна на наставниците иако има мал број на ученици со документација; |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ Обучување на наставниот кадар за навремено откривање и работа со талентирани ученици<br>✓ Поголема вклученост на наставниците и инклузивниот тим во обуки,семинари, практични работилници и различни активности во училиштата, насочени кон подобро разбирање на инклузивното образование и јакнење на капацитетите на училиштата за учениците со посебни потреби<br>✓ Поголемо учество на наставниците на обуки, семинари, курсеви,проекти и дисеминација<br>✓ Поголемо учество на учениците во работилници за едукација одразни области организирани на ниво на државата |
| **Приоритетни подрачја (идни активности)** | ✓ Обучување на наставниот кадар за навремено откривање и работа со талентирани ученици и ученици кои заостануваат во совладувањето на наставните содржини<br>✓ Поголема вклученост на наставниците и инклузивниот тим во обуки,семинари, практични работилници и различни активности во чилиштата, насочени кон подобро разбирање на инклузивното образование и јакнење на капацитетите на училиштата за учениците со посебни потреби<br>✓ Поголемо учество на наставниците на обуки, семинари, курсеви,проекти и дисеминација<br>✓ Обезбедување на ИКТ за наставниците, СМАРТ табла и обука на наставниот кадар за подобрување на постигањата на учениците преку реализација на наставата со различни ИКТ средства и активна настава |

## Подрачје 3: Учење и настава

| Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|
| **3.1 Планирања на наставниците** | ✓ Поддршка и следење на планирањата на наставницитеИндивидуални планирања на наставниците<br>✓ Размена на искуства и информации при планирањето<br>✓ Распоред на часови |
| **3.2 Наставен процес** | ✓ Наставни форми и методи<br>✓ Употреба на ИКТ во наставата<br>✓ Избор на задачи, активности и ресурси<br>✓ Приодот на наставникот кон учениците<br>✓ Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>✓ Следење на наставниот процес |
| **3.3 Искуства на учениците од учењето** | ✓ Средина за учење атмосфера за учење<br>✓ Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>✓ Интеракција на учениците меѓу себе. |
| **3.4 Задоволување на потребите на учениците** | ✓ Идентификување на образовните потреби на учениците<br>✓ Почитување на различните потреби на учениците во наставата. |
| **3.5 Оценувањето како дел од наставата** | ✓ Училишна политика за оценување<br>✓ Методи и форми на оценување<br>✓ Користење на информациите од оценувањето во наставата. |
| **3.6 Известување за напредокот на учениците** | ✓ Известување на родителите за напредокот на учениците |

## Користени извори на информации за:

**3.1 Планирања на наставниците**
**3.2 Наставен процес**
**3.3 Искуства на учениците од учењето**
**3.4 Задоволување на потребите на учениците**
**3.5 Оценувањето како дел од наставата**
**3.6 Известување за напредокот на учениците**

- ✓ Наставни планови и програми Годишни и тематски планирања
- ✓ Евидентни листови за следење од директорот и педагогот
- ✓ Извештаи од посетени часови
- ✓ Разговор со директор и педагог
- ✓ Разговори со наставниците
- ✓ Годишен извештај за работата научилиштето
- ✓ Дневни планирања, готови изработки, тематски планирања,портфолио, извештаи.
- ✓ Инструмент за следење и вреднување на планирањата и подготовката на наставниот час
- ✓ Анкета за наставници
- ✓ Анкета за родители
- ✓ Анкета за ученици
- ✓ Програма за работа на ученичката заедница
- ✓ Награди
- ✓ Дипломи
- ✓ Одделенски дневници
- ✓ Програма за дополнителна и додатна настава
- ✓ Програма за воннаставни активности
- ✓ Годишна програма за работа на стручната служба
- ✓ Увид во досиејата на учениците
- ✓ Евиденција на наставници за оставарени средби и соработка со родители

| Анализа на резултатите: |
|---|
| ✓ Училиштето е обезбедено со потребниот наставен, административно-технички кадар и недоволно со педагошко-психолошка служба.<br>✓ Наставниот кадар е во согласност сонормативите.<br>✓ Наставниците ефективно придонесуваат за работата во училиштето и работат како тим во рамките на стручните активи.<br>✓ При распределба на кадарот во предвид се земаат образованието, квалитетот во работата и искуствата на наставниците.<br>✓ Целиот персонал редовно е присутен во извршување на работните обврски и задачи.<br>✓ Работата на наставниот кадар е надополнета и олеснета од страна на административно техничкиот кадар, кој соодветно и ефикасно си ја врши својата работа.<br>✓ Стручната служба е подршка на наставниот кадар, тие секогаш се отворени за соработка доколку наставниците навремено да се обратат за помош и се обидуваат да им помагаат на наставниците во секојдневната работа, организирање на наставата, следење на работата и напредувањето на учениците, справување со проблемите и давање стручна советодавна помош при проблеми со учениците и родителите.<br>✓ Педагогот да реализира редовни работилници со учениците.<br>✓ Сите наставници сакаат професионално да напредуваат, најчесто преку посета на обуки и семинари, предавања, конференции, дополнителна литература.<br>✓ Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој и затоа се одржуваат континуирани обуки за да бидат во тек со современите проимени во наставата.<br>✓ Кај наставниците постои потреба, во обуките и семинарите да бидат опфатени сите подрачја од наставната работа. |

| РЕЗУЛТАТИ | |
|---|---|
| ЈАКИ СТРАНИ | ✓ Училиштето е обезбедено со соодветен наставен кадар, административно-технички персонал за непречена реализација на целокупната работа во училиштето;<br><br>✓ Наставници иако сите не се со комплетирано соодветно образование сепак ефективно придонесуваат за реализација на целите во наставата;<br><br>✓ Континуираниот професионален развој на наставниците и стручните соработници како и раководниот кадар на училиштето, односнодиректор, директно влијае на |

| | |
|---|---|
| | нивната ефективност во работењето.<br><br>✓ Училиштето има програма и стратегии за обезбедување на професионалниот развој<br>✓ Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на наставниот кадар<br>✓ Наставниците го препознаваат влијанието на професионалниот развој врз ефективноста на наставниот процес |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ Потреба од организирање обуки и семинари по сите наставни предметии подрачја во наставната работа,<br><br>✓ Организирање на можни идни дополнителни предавања, работилници,дисиминации помеѓу наставниот кадар и стручните соработници кои ќе придонесат до поголема ефективност во работењето и создавање услови за реализација на визијата и мисијата<br><br>✓ Потреба од организирање обуки и семинари според потребите нанаставникот и стручната служба,<br><br>✓ Намалување на административната работа на наставникот, |
| **ПРИОРИТЕТНИ ПОДРАЧЈА**<br><br>**ИДНИ АКТИВНОСТИ** | ✓ Разгледување предлог идеи за намалување на административната работа на наставникот со цел посветување на примарната цел, т.е.воспитно-образовниот процес,<br>✓ Организирање обуки и семинари по сите наставни предмети и подрачјаво наставната работа според потребите на наставниците и десиминација на истите и размена на наставни планови, програми, планови и соработка помеѓу наставниците.<br>✓ Подобрување на соработката помеѓу наставниот кадар и стручна служба |

## Подрачје 4: Подршка на учениците

| Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|
| **4.1 Севкупна грижа за ученици** | • Заштита од физички повреди и елементарни непогоди<br>• Превенција од насилство<br>• Заштита од пушење, алкохол и дрога<br>• Квалитет на достапна храна<br>• Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот<br>• Грижа за ученици од социјално загрозени семејства |
| **4.2 Здравје** | • Хигиена и заштита од болести<br>• Грижа за ученици со здравствени проблеми |
| **4.3 Советодавна помош за натамошно образование** | • Пружање помош при избор на занимањето/институцијатаза понатамошно образование,<br>• Доусовршување или вработување<br>• Грижа за ученици со емоционални потешкотии |
| **4.4 Следење на напредокот** | • Водење евиденција за индивидуалниот напредок научениците<br>• Анализа на напредокот на учениците по паралелки |

## Користени извори на информации за:

**4.1 Севкупна грижа за ученици**
**4.2 Здравје**
**4.3 Советодавна помош за натамошно образование**
**4.4 Следење на напредокот**

- ✓ Годишна програма за работа научилиштето
- ✓ Годишен извештај
- ✓ Педагошка евиденција идокументација
- ✓ Податоци за организирана исхрана на учениците
- ✓ Евиденција од индивидуалнаработа со ученици со емоционални и социјални потешкотии
- ✓ Список на дежурства наниставниците
- ✓ Одделенски дневници
- ✓ Правилници
- ✓ ИОП
- ✓ Постапка за деца со ПОП
- ✓ Набљудување
- ✓ Интервју со педагошко-психолошката служба
- ✓ Програма за работа на директор
- ✓ Програма за работа на стручнаслужба
- ✓ Досие на ученик
- ✓ Протокол за заштита на учениците од насилство
- ✓ Политика за намалување нанасилство
- ✓ Правилник за видови пофалби,награди и педагошки мерки
- ✓ Анкети
- ✓ Програма за работа на раководител на паралелка
- ✓ Записници од органите на училиштето
- ✓ Записници од надлежни орган
- ✓ Евидентни листови за следење напостигањата на учениците
- ✓ Евиденција на заминати новодојдени ученици
- ✓ Програма на Советот на родители
- ✓ Програма за професионална ориентација на учениците одзавршните одделенија

| **Анализа на резултатите:** |
| --- |
| ✓ Од анализираната документација и набљудувања може да се констатира дека поддршката што ја добиваат учениците во нашето училиште од страна на наставниците, педагошко– психолошката служба и раководството е на високо ниво.<br>✓ Се води грижа за емоционалните, физичките и социјалните потреби на учениците.<br>✓ Се почитува личноста наученикот, неговото мислење и сугестии и владее позитивна комуникација.<br>✓ Учениците во нашето училиште не забележуваат никаква дискриминација по полова или национална основа.<br>✓ Ученици со посебни потреби не се само оние со психо- физички недостатоци, туку и оние со воспитни и развојни тешкотии, кои се вклучени во нашето училиште. Секој наставник настаојува да им помогне на сите ученици поготово на оние со одредени потешкотии.<br>✓ Потребно е поголема соработка со стручни служби од Златан Стремац за изготвување на ИОП на ученици и да има доволен број на стручни придружници за учениците со ПОП при следење на редовната настава<br>✓ Постои јасно дефиниран систем за работа со ученици со посебни образовни потреби за чии напредок се грижи наставникот и инклузивниот тим на училиштето во соработка со наставниците, родителите .<br>✓ Здравствените и семејните аспекти, како и соочувањето со одредени семејни потешкотии се насочени пред се во заштитата и давањето помош на ученикот.<br>✓ Организираме и хуманитарни акции за одредена помош на нашите ученици и семејства со економско- социјални потешкотии, а бараме соработка и со други институции.<br>✓ Унапредувањето на здравјето, заштитата од пороците и заштита на човековата околина е од големо значење. Тоа се прави преку еко активности настава како животни вештини, секции, часовите по биологија, географија, хемија и др. , и преку различни предавања и трибини.<br>✓ Соработката со другите основни училишта е присутна во текот на работата на училиштето, има низа спортски натпревари, меѓу училишни натпревари, општински, регионални натпревари.<br>✓ Комуникацијата е добра и при решавање на одредени проблеми, но и при заедно учество на разни семинари и други форми на стручно усовршување. |

| **РЕЗУЛТАТИ** | |
| --- | --- |
| **ЈАКИ СТРАНИ** | ✓ Изнаоѓање разни начини за справување со насилното однесување и булинг<br>✓ Водење грижа за понатамошното професионално информирање и ориентирање на учениците,<br>✓ Соработка на наставниците со педагошко – психолошката служба,<br>✓ Соработка на релација наставник – ученик – родител<br>✓ Систематска евиденција за напредокот на учениците. |

| | |
|---|---|
| | ✓ Училиштето води грижа за емоционалните, физичките и социјалните потреби на учениците преку разни облици наподдршка на истите<br>✓ Поголема соработка со родителите и организирање на советување со родители<br>✓ Се води редовна грижа за здравјето на учениците со организирање на разни предвања, систематски прегледи,соработка со стоматолошки ординации .<br>✓ За децата со ПОП се изработуваат ИОП, и се работи индивидуално.<br>✓ Во училиштето е организиран инклузивен тим кој споделува искуства од работата со децата со ПОП и изнаоѓа решенија за помош на наставниците кои работат со децата со ПОП.<br>✓ Безбедноста во училиштето со изработка на проекти, пробни евакуации (Подготвеност на училиштето ,вработените и учениците за навремено реагирање при случај на пожар)<br>✓ Грижа за учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства  се обезбедувaприбор за работа заучениците од социјално загрозените семејства.<br>✓ Достапна евиденција за неоправданото и оправданото отсуство од настава за секој класификационен период<br>✓ Редовно информирање на учениците и родителите за нивните постигања и однесување во училиштето преку редовни родителско-наставнички  средби и приемни денови.<br>✓ При оценувањето наставниците користат различни форми, методи и техники со цел да го следат напредокот научениците  (Формативно и сумативно) |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ Да се подобрат условите за децата со ПОП (повеќе пристапни рампи, стази за количка кои ќе овозможат слободно движење на учениците)<br>✓ Грижа за учениците кои потекнуваат од социјално загрозени семејства да се обезбеди бесплатно одење на екскурзии и други посети планирани во годишната програма<br>✓ Да се адаптираат тоалетите на потребите на учениците |
| **ПРИОРИТЕТНИ ПОДРАЧЈА**<br><br>**ИДНИ АКТИВНОСТИ** | ✓ Обезбедување на условите за безбедно движење на децата со ПОП обезбедување посебни тоалети за истите ученици безбедни огради и патеки за движење<br>✓ Изготвување на начин за бесплатно одење на екскурзии и други посети на ученици кои се социјално загрозени |

## Подрачје 5: Училишна клима и односи во училиштето

| Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|
| **5.1 Севкупна грижа за учениците** | ✓ Индивидуални планирања на наставниците<br>✓ Подршка и следење на планирањата на наставниците<br>✓ Размена на искуства и информации при планирањето<br>✓ Распоред на часови |
| **5.2 Здравје** | ✓ Наставни форми и методи<br>✓ Избор на задачи, активности и ресурси<br>✓ Интеракција меѓу наставниците и учениците<br>✓ Приод на наставникот кон учениците<br>✓ Следење на наставниот процес |
| **5.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците** | ✓ Средина за учење<br>✓ Атмосфера за учење<br>✓ Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>✓ Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето |
| **5.4 Училишна клима и култура** | ✓ Углед/имиџ на училиштето<br>✓ Кодекс на однесување<br>✓ Училипшна клима<br>✓ Поведение и дисциплина во училиштето<br>✓ Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки |
| **5.5 Еднаквост и правичност** | ✓<br>✓ Познавање на правата на децата<br>✓ Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>✓ Прифаќање и промовирање на мултикултуризмот |

| **Анализа на резултатите:** |
|---|
| ✓ Од спроведените анкети можеме да заклучиме дека односот помеѓу вработените и раководството во училиштето се базира на взаемно почитување.<br>✓ Односот на взаемно почитување помеѓу наставник- ученик и ученик — наставник е на завидно ниво.<br>✓ Родителите сметаат дека учениците од различен пол, различно етничко потекло и учениците со попреченост имаат ист третман во училиштето.<br>✓ Најголем дел од родителите одговориле дека соработката со одделенските наставници е добра.<br>✓ Учениците одговориле дека постои взаемно почитување помеѓу наставниците и учениците во училиштето, исто така и односите помеѓу учениците<br>✓ Најголем дел од учениците се горди на своето училиште затоа што по завршувањето на училиштето ке бидат воспитани и образовани.<br>✓ Учениците сметаат дека имаат соодветни услови за работа и добра подршка од наставниците и директорот |

| **РЕЗУЛТАТИ** | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | ✓ Позитивна клима за работа во училиштето;<br>✓ Добро воспоставена комуникација помеѓу сите чинители на воспитно-образовната дејност;<br>✓ Односот помеѓу наставниците и учениците се базира на взаемнадоверба и почитување;<br>✓ Училиштето води грижа за здравјето на учениците и за нивните емоционални проблеми;<br>✓ Солидна соработка со здравствени организации<br>✓ Во нашето училиште посебна грижа се води за професионалната ориентација на учениците од деветтите одделенија<br>✓ Статут, Правилници и Кодекси изготвени согласно законите. Куќниот ред и Кодексот на однесување во училиштето во голема мера се почитуваат<br>✓ Отвореност на училиштето за соработка со родителите;<br>✓ Редовна и континуирана соработка со окружувањето на училиштето и локалната |

| | |
|---|---|
| | заедница;<br>✓ Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите, за време на наставата и воннаставните активности.<br>✓ Дисциплината на учениците во училиштето е добра.<br>✓ По потреба се применува правилникот за изрекување педагошки мерки<br>✓ Училиштето постигнува значајни резултати на општинско, регионално и државно ниво.<br>✓ Редовно осигурување на учениците |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | ✓ Недоволна обученост и подготвеност на наставниот кадар за давање прва помош при незгоди и повреди на учениците<br>✓ Организирање работилници и предавања на тема спречување на користење на алкохол, дрога и други опојни супстанци<br>✓ Поголема соработка со партнерското училиште за реализација на меѓуетнички содржини.<br>✓ Поголема ангажираност за реализација на проекти |
| **ПРИОРИТЕТНИ ПОДРАЧЈА**<br><br>**ИДНИ АКТИВНОСТИ** | ✓ Организирање на обуки на наставници и изработка на протоколи за начинот на постапување и давање прва помош во случај на повреда кај учениците<br>✓ Организирање обуки и работилници за ученици,родители и наставници за меѓуврсничко насилство и булинг(сајбер-булинг)<br>✓ Организирање работилници и предавања на тема спречување на користење на алкохол, дрога и други опојни супстанци<br>✓ Соработка со партнерското училиште и реализација на меѓуетнички содржини. |

## Подрачје 6: Ресурси

| Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|
| **6.1 Сместување и просторни капацитети** | ✓ Просторни услови<br>✓ Искористеност на просторните капацитети |
| **6.2 Наставни средства и материјали** | ✓ Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>✓ Училишна библиотека<br>✓ Потрошен материјал |
| **6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар** | ✓ Број на вработени и соодветност на наставниот кадар<br>✓ Ефикасност и распоредување на кадарот<br>✓ Стручната служба како подршка на наставниот кадарот |
| **6.4 Финансиско работење во училиштето** | ✓ Професионален развој на наставниците |
| **6.5 Следење на развојните потреби на наставниот кадар** | ✓ Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење<br>✓ Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет |

| Користени извори на информации за: |
|---|
| **6.1 Сместување и просторни капацитети**<br>**6.2 Наставни средства и материјали**<br>**6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар**<br>**6.4 Финансиско работење во училиштето**<br>**6.5 Следење на развојните потреби на наставниот кадар** |
| ✓ Годишна програма за работа на училиштето<br>✓ Развојна програма на училиштето<br>✓ Непосреден увид<br>✓ Пописна листа<br>✓ Библиотека<br>✓ Записници од БРО,ДПИ,МОН<br>✓ Основни податоци за дејноста<br>✓ Полугодишен извештај<br>✓ Годишен извештај<br>✓ Записници од работата на стручните активи<br>✓ Огласи за работа<br>✓ Анализа на работни места – Училишен одбор<br>✓ Анкета со наставници, родители и ученици<br>✓ Месечен финансиски план за потребите на училиштето<br>✓ Јавни набавки<br>✓ Тековно одржување<br>✓ Досие на наставник и стручен соработник<br>✓ интерни акти<br>✓ Разговор со стручната служба, наставниците и директорот<br>✓ Листи од спроведени интерни обуки |

| **Анализа на резултатите:** |
| --- |
| ✓ Училиштето располага со добри услови за настава<br>✓ Училишниот инвентар во сие училници е во одлична состојба.<br>✓ Училиштето има потреба од набавка на нови нагледни средства по информатика затоа што веќе постоечката техника е застарена и функционира но многу бавна.<br>✓ Поради скромните финансиски средства со кои располага училиштето и набавката на стручната литература и нагледнисредства се сведува на минимум.<br>✓ Наставниот кадар успева да се снајде,применувајки најсовремени наставни методи и техники.<br>✓ Резултатите покажуваат согласно ресурсите учениците со подршка од наставниците и родителите освојуваат бројните први,. Втори, трети  места на различни натпревари.<br>✓ Карактеристично е активно негување на изворниот музички фолклор и учество на фестивали и манифестации како на регионално, државно ниво така и во странство.<br>✓ Наставниците постојано посетуваат семинари за дообука и се трудат со тоа да им овозможат современо образование на децата.<br>✓ Токму поради тоа добродојдена е секоја помош,со која би се подобриле условите за реализирање на воспитно образовниот процес |

| **РЕЗУЛТАТИ** | |
| --- | --- |
| **ЈАКИ СТРАНИ** | Мотивиран наставнички колектив во совладување на сите препреки во реализација на наставните планови и програми<br>Активна посета и реализација на семинари и вебинари, разговори и десиминација на истите и реализација на позитивните новости во реализација на наставните содржини<br>Соработка со двата Активи на наставниците низ разни предавања, состаноци, споделување на наставни материјали и др.<br>Посета на часови од страна на директорот, педагогот, инспектори од ДПИ и советници од БРО<br>Соработка со локалната средина |

| | |
|---|---|
| | Соработка со невладини организации<br>Реализација на хуманитарни акции<br>Реализација на еколошки акции<br>Учество на разни фестивали и промоција на училиштето и општината<br>Соработка со Здраствен дом Ростуше<br>Соработка со стоматолошка ординација Ростуше<br>Соработка со полициска станица Ростуше<br>Соработка со Партнер училиштето<br>Формативно и сумативно оценување<br>Инклузија – инклузивно образование<br>Училиште без насилство<br>Меѓуетничка интеграција во образованието<br>Спречување на насилното однесување<br>Енергетска ефикасност |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | Немање на училишна спортска сала<br>Недоволен број на современа компјутерска опрема<br>Немање смарт табла<br>Немање хидрант во училиштето |
| **ПРИОРИТЕТНИ ПОДРАЧЈА**<br><br>**ИДНИ АКТИВНОСТИ** | Обновување на нагледните средства, и библиотечниот фонд - лектири<br>Набавка на компјутери и лаптопи<br>Доставување на проектот за изградба на фискултурна сала<br>Хортикултурно уредување на дворот<br>Безбедни патеки<br>Смарт табла |

## Подрачје 7: Управување, раководење и креирање на политика

| Индикатори за квалитет | Теми |
|---|---|
| **6.1** Управување и раководење со училиштето | • Управување со училиштето<br>• Раководење со училиштето |
| **6.2** Цели и креирање на училишната политика | • Јасност и соодветност на целите<br>• Процедури за креирање на училишната политика |
| **6.3** Развојно планирање | • Цели на развојно планирање<br>• Професионален развој/стручно усовршување на кадарот |

### Користени извори на информации за:

- ✓ Записници од стручните органи  на основното училиште;
- ✓ Деловник за работа на Училишниот одбор;
- ✓ Статут на училиштето;
- ✓ Записници, одлуки и извештаи од работата наУчилишниот одбор (годишни, полугодишни, посебни);
- ✓ Самоевалуација
- ✓ План за развој на училиштето;
- ✓ Разговор со директор;
- ✓ Програма за  работа на директорот;
- ✓ Програма за професионален развојна директорот;
- ✓ Анкети со наставници родители.
- ✓ Годишна програма за работа
- ✓ Развојна програма за работа
- ✓ Правилници за работа на училиштето
- ✓ Кодекси за однесување на вработените, учениците и родителите

| **Анализа на резултатите:** |
| --- |
| ✓ Директорот има јасна визија за развојот на училиштето во согласност од потребите на сите субјекти кои се поврзани со работата на училиштето.<br>✓ Во центарот на сите активности ги поставува учењето и постигнувањето на учениците.<br>✓ Поставува јасни и прецизни барања кои придонесуваат за ефективност во работата на училиштето.<br>✓ Одржува добри односи со учениците, родителите и вработените.<br>✓ Има професионален однос кон вработените и ги мотивира за тимска работа.<br>✓ Конфликтните ситуации успешно ги надминува и на сите ученици им дава исти можности.<br>✓ Родителите преку Советот на родители навремено се информирани за сите активности во училиштето и се вклучени во различни активности и проекти.<br>✓ Добар дел од родителите учествуваат во разни активности во училиштето.<br>✓ Стручните соработници даваат подршка на наставниците, учениците и родителите.<br>✓ Располагањето со финансиски средства согласно со воспитно образовните цели и приоритети на училиштето.<br>✓ Наставнитесредства се во функција на наставата и помагаат во квалитетното вршење на наставата.<br>✓ Директорот остварува соработка со локалната заедница, други училишта и организации.<br>✓ За подобра презентација научилиштето креирана е WEB страна на училиштето.<br>✓ Има актина facebook страна<br>✓ Изработува брошура за ученици и родители<br>✓ Издава училишен весник<br>✓ Финансиски ги помага воннаставните активности |

| РЕЗУЛТАТИ – | |
|---|---|
| ЈАКИ СТРАНИ | ✓ Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето;<br>✓ Успешна соработка на раководниот тим со локалната самоуправа и други институции;<br>✓ Навремена и континуирана соработка со Советот на родители и Училишниот одбор<br>✓ Активна соработка со активите на наставниците<br>✓ Добра соработка со Училишниот одбор<br>✓ Создадени добри просторни услови за работа<br>✓ Естетско уредување на училниците и училиштето<br>✓ Доопремување на спортскиот терен<br>✓ Изградба на детски парк |
| СЛАБИ СТРАНИ | ✓ Мал дел од родителите учествуваат во развојните активности во училиштето;<br>✓ Дел од учениците се изјаснија дека треба да има повеќе компјутери запрактична настава<br>✓ Поголемо вклучување на учениците и родителите во активностите во училиштето.<br>✓ Учество на родителите во проекти и соработка со одделенските раководители |
| ПРИОРИТЕТНИ ПОДРАЧЈА<br><br>ИДНИ АКТИВНОСТИ | ✓ Дооформување на детскиот парк<br>✓ Хортикултурно уредување на делово од училишниот двор<br>✓ Безбедни патеки до училиштето<br>✓ Осветлување на спортското игралиште<br>✓ Осветлување на патеката<br>✓ Изградба на современи санитарии: |

# РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНАТА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Врз основа на член 147, став 5 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр. 103/08). Комисијата за изготвување самоевалуација на работата на ООУ„Блаже Конески“, за учебната 2021/23 година изврши самоевалуација на работата во училиштето ООУ „ Блаже Конески “ општина Маврово и Ростуше.
За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за основно образование, од Проектот за модернизација на образованието и Индикаторите за квалитет на работата на училиштето, изготвени од МОН и ДПИ.
Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштетода се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување.
За поголема ефикасност во работењето, се формираа тимови по подрачја, кои имаа средби и разговори со сите вработени во училиштето. Се изврши проверка на потребната документација и од неа користеше повеќе податоци.
Се спроведоа анкети со ученици, наставници, родители и директорот.
Добиените податоци беа обработени, анализирани и врз нивна основа се донесе извештај.
Квалитетот на анализираните теми и области се евалуирани на три нивоа (се согласувам, делумно се согласувам, не се согласувам според однапред одредените индикатори.
Врз основа на дадената оценка се изведени судовите и заклучоците каде се наоѓа нашето училиште, во која насока се движи и кои се неговите позначајни постигања.
Самоевалуацијата ги издвојува приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставни активности.
Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се во помал број, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.
Според целосно извршената самоевалуација, Комисијата ја оцени работата научилиштето со оценка – **<u>многу добар.</u>**
Оваа оценка претставува збир на целокупната состојба и работа во училиштето, која е добиена од сите седум подрачја, кои ја опфаќаат самоевалуацијата на училиштето.
Придонес за ваквата донесена оценка имаат сите вработени во училиштето и учениците, како и родителите.
Училиштето успешно чекори во реализација на поставените цели кон добра клима и култура за работа и успешна реализација на визијата и мисијата на училиштето.

Училишна Комисија за самоевалуација:

Бешир Рамадани - Претседател
Амзо Ахмедоски - Член
Семир Абдули - Член
Медат Арслани - Член
Мирвет Мурати - Член

Август 2023 година

Скудриње, Маврово и Ростуше

Директор

Бешир Рамадани